# З А П И С Н И К

Од четириесет и седма седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 18.06.2025 година, (среда) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

Присутни: 11 советници.

Отсатни; Бујамин Рушити,Светлана Стаматоска,Синиша Јованоски и Адем Јетмир Јашари

Седницата ја отвори и со неа раководеше Најстариот член на Советот Дончо Сијмановски, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување Најстариот член на Советот праша дали има уште некоја измена и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Најстариот член на Советот дневниот ред го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред :

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница.

**2**. Разгледување и усвојување на Втор-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2025 година.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред ,, Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница.

Најстариот член на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Најстариот член на Советот точката ,, Усвојување на записникот од четириесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос на втората точка од дневниот ред ,, . Разгледување и усвојување на Втор-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2025 година,,

Најстариот член на Советот збор му даде на Председателот на Комисијата за финансии.

Председателот на комисијата за финансии зеде збор и кажа, точката ни беше образложена на комисијата и истата беше прифатена од членовите на комисијата, сега соодветниот од општината може пошироко да ни објасни по однос на точката.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, имаме едно покачување во приходите па тоа ќе го распределиме по расходите. Како што знаете сите покачувањето е поради продажба на државното земјиште и има дел од ддв-то што ни го пуштија сега вториот дел. Имаме промена кај данок на промет на недвижности и кај приходи имаме покачување кај 713111 од 2.228.940,00 од данокот од тие што го купиле државното земјиште. Потоа имаме кај 725939 останати неданочни приходи 2.440.103,00 овде имаме активирано банкарска гаранција кај две парцели што ги земале не ги платиле, на позицијата 733111 приходи од продажба на неизградено градежно земјиште тука имаме покачување од 62.579.183 тука спаѓаат земјиштата од панелите што се продадоа. И на крај на 741115 дотации на општината од приходи од ддв имаме зголемување на 13.116.115,00 овие се тие покачувања што ни се како приходи. Овие покачувања ги имаме распределено кај расходите и тоа кај посебниот дел.

Кај А1 изборни активности и референдум од 1.500.000,00 имаме покачување поради локалните избори. Кај програмата Е0 кај општинската администрација имаме повеќе покачувања највеќе кај платите, потоа за услуги имаме додадено, кај привремени вработувања имаме повеќе, претходно го намаливме од 6.000.000 намаливме на 2.500.000 сега пак треба да се покачи исто. Кај програмата ЕА кај 482 други градежни објекти имаме покачувања од 8.300.000 на 23.250.000 тука имаме предвидени некои проекти што спаѓаат како што се урбана опрема и автобуски постојки. Програмата Ф1 урбанистичко планирање, тука имаше работено кај салата во Челопек, за полициската станица и детската градинка во Челопек. Кај програмата Ј3 договорот што го имаме со фирмата за одржување на уличното осветлување тука има покачување и станаја 6.118.270. Програмата Ј6 тука имам додадено кај горивата само 200.000 исто така и кај програмата Ј8 комунални услуги и тука имаме покачувања од 200.000 .

Кај програмата JD тука имаме предвидено повеќе средства 32.050.000 имаме предвидено, тука некои проекти кои ги имаме веќе реализирани. JG програмата изградба на системи за водоснабдување имаме предвидено 3 милиони тоа веќе се работи, кај цевки и шахти додадов уште 1 милион за фекална канализација. Кај спорт и рекреација додадов 250.000 бидејќи првичните што беа предвидени се потрошија. Програмата N1 кај 421 комунални услуги, греење комуникација ги предвидов за нафта за греење бидејќи ке

почнат изборите па да ги имаме бидејќи тогаш ништо неможеме да направиме. Кај разни трансфери кај 46 тука имаме за отпремнини и сл. Го зголемив на 2.000.000 да имаме повеќе бидејќи нестигаат. Понатака кај NA програмата кај капиталните инвестициии за основното образование имавме 2.550.000 тука покачив на 10.180.000 тие се предвидени за спортските игралишта, фасадите на училиштата во Теново и во Блаце. Ова е за општинскиот Буџет, е сега кај градинката тука нема ништо надминато се е исто.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, во Буџетот несретнав средства наменети за ископ на бунарот за Милетино а предходно го имаше.

Соодветниот од општината кажа, мене никој не ми кажал да го вметнам бидејќи во меѓувреме слушнавме дека проблемот се решил и можеби затоа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Усвојување на Втор-Ребаланс на Буџетот на општина Брвеница за 2025 година,, ,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши четириесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница.

Записничар

Наташа Стојческа

Претседател на

Совет

Бр.08-833/2

Бујамин Рушити

18.06.2025 год. Брвеница